ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-390/3**

**Дата: 28.02.2012**

ДО
КАБИНЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на буџет на донации – Проект Дијалог на цивилизациите (785) за 2010 на Кабинет на Претседател на Република Македонија.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Кабинет на Претседател на Република Македонија сметка на буџет на донации – Проект Дијалог на цивилизациите (785) за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

Изразивме мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2010 година.

| *Ревизорски тим:* | *Овластен државен ревизор* |
|---|---|
| ________________________ | |
| ________________________ | ___________________ |
| ________________________ | |

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на буџет на донации – Проект Дијалог на цивилизациите (785) на Кабинет на Претседател на Република Македонија, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2010 година и Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи на сметката на буџет на донации – Проект Дијалог на цивилизациите (785) за 2010 година од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Кабинет на Претседател на Република Македонија сметка на буџет на донации – Проект Дијалог на цивилизациите (785)кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Дарко Ангелов, Генерален секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија до 26.03.2010 година и
- Борис Јосифовски, Генерален секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија од 26.03.2010 година;

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката буџет на донации – Проект Дијалог на цивилизациите (785) Кабинет на Претседател на Република Македонија се користени за планираните намени. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни

ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на ден 11.11.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 28.11.2011 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Кабинет на Претседател на Република Македонија сметка на буџет на донации – Дијалог на цивилизациите (785) на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи Кабинет на Претседател на Република Македонија сметка на буџет на донации – Дијалог на цивилизациите (785), во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

5.1. Во текот на 2003 година реализиран е Проект Дијалог на цивилизациите. Проектот е финансиран од средства добиени од домашни и странски донатори. Состојбата на сметката на ден 31.12.2010 година изнесува 204 илјади денари, која потекува од минати години. Со оглед на тоа дека активностите околу реализацијата на проектот се целосно завршени Кабинетот на Претседателот на Република Македонија во текот на 2005 година со писма се обратил до Министерство за финансии заради натамошно постапување со истите, односно дали средствата да се вратат во Буџетот на Република Македонија. Од Министерство за финансии не е добиен одговор, поради што во периодот на извршување на ревизијата од страна на одговорното лице на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, повторно беа побарани инструкции за постапување.

**Кабинет на Претседателот на Република Македонија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 204 | 204 |
| **Вкупно приходи** | | **204** | **204** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **204** | **204** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2010** | **2009** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 204 | 204 |
| **Вкупно тековни средства** | | **204** | **204** |
| **Вкупна актива** | | **204** | **204** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 204 | 204 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **204** | **204** |
| **Вкупна пасива** | | **204** | **204** |